АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-461/37
13-07-2016 201_ год.
СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија“ бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14, 130/14, 180/14, 78/15 и 192/15) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-461/5 од 06.04.2016 г. , Извештај од спроведена постапка пред поднесување конечна цена бр. 05-461/17 од 27.06.2016 г., Извештај од поднесување на конечна цена бр. 05-461/33 од 01.07.2016 г., Извештај од спроведена постапка по поднесување на конечна цена бр.05-461/34 од 01.07.2016 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**02/2016** ,согласно Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки бр.02-2252/5 од 12.07.2016 г, донесена на 64-та редовна седница на Одборот на Директори на Друштвото, Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за Процена на вредноста на деловен простор со кој стопанисува друштвото

На основ на Записник од отварање на понуди бр..05-461/5 од 06.04.2016 г. , Извештај од спроведена постапка пред поднесување конечна цена бр. 05-461/17 од 27.06.2016 г., Извештај од поднесување на конечна цена бр. 05-461/33 од 01.07.2016 г., Извештај од спроведена постапка по поднесување на конечна цена бр.05-461/34 од 01.07.2016 г. од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-461/3 од 12.02.2016г., со примена на Отворена постапка која се спроведува во хартиена форма и завршува со е-аукција, Договорот за Процена на вредноста на деловен простор со кој стопанисува друштвото се доделува на:

**„ СИНОПСИС “ДООЕЛ**
**Бул. ,,Партизански одреди,, бр.105/7 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 1 (една) прифатлива понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги

извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачот чија понуда е отфрлена за причините за отфрлање на неговата понуда,со детално образложение зашто понудата е неприфатлива

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика,
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива